РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-898/1
26-04-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-630/1
26.04. 2024 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Судски совет

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA REPUBLIQUE DE MACEDOINE DU NORD

**ВО НАСОКА НА ГРАДЕЊЕ НА ПОЕФЕКТИВЕН ПРАВЕН СИСТЕМ ЗАСНОВАН НА НАЧЕЛАТА НА ЗАКОНИТОСТ, НЕПРИСТРАСНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ, ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И СТРУЧНОСТ ВО ПОСТАПУВАЊЕТО,**

**СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**И**

**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКЛУЧИЈА**

# *М Е М О Р А Н Д У М   З А   С О Р А Б О Т К А*

*Склучен на ден 26 април 2024 година, помеѓу*

1. ***Судски совет на Република Северна Македонија**, со седиште на ул. "Македонија" бр.5 во Скопје, застапуван од **Претседателот Весна Дамева и***
2. ***Нотарска комора на Република Северна Македонија**, со седиште на бул. "8-ми Септември" бр.2 во Скопје, застапувана од **Претседателот Методија Ристоски***

*во понатамошниот текст: „страните потписнички",*

**Предмет**
**Член 1**

Меморандумот за соработка (во понатамошниот текст „меморандум") има за цел воспоставување на соработка помеѓу страните потписнички во областа на судската и нотарската практика со цел зајакнување на капацитетите на судството и нотаријатот преку ефикасно спроведување на своите надлежности во согласност со позитивното законодавство во земјата.

**Области на соработка**
**Член 2**

Соработката помеѓу страните потписнички ќе се оствари преку:

- учество на нотари и членови на Судскиот совет на предавања, обуки и семинари, работилници и други професионални средби,
- размена на статистички податоци и информации при изработка на одредени анализи и истражувања,
- заедничко решавање на прашања кои се појавуваат во праксата,
- размена на стручна литература или материјали потребни за реализација на заедничка активност,
- давање на меѓусебна стручна помош врз основа на стекнати искуства на домашен или меѓународен план,
- како и друг вид на размена на искуства и знаења од праксата креирана во судовите и во постапките пред нотарите.

**Заштита на податоци и информации**
**Член 3**

Податоците кои страните потписнички ги користат, односно разменуваат се сметаат за класифицирани со соодветен степен на класификација утврден со законските прописи, освен ако се информации од јавен карактер до кои е утврден слободен пристап во согласност со закон.

**Финансиски одредби**
**Член 4**

Активностите и соработката не предизвикуваат никакви финансиски импликации и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички.

*Сите активности за кои дополнително ќе биде утврдено дека ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен акт.*

***Начин на реализирање на соработката***

**Член 5**

*Соработката од член 2 на овој Меморандум, ќе се остварува врз основа на поединечно доставени барања за секој одделен вид на соработка, при што ќе се утврдат условите за начинот на реализација на конкретната соработка.*

***Дополнувања и изменувања***

***Член 6***

*Овој меморандум може да биде дополнет или изменет со анекс на барање на било која од страните потписнички.*

*Доколку некоја активност која произлегува од соработката бара склучување на дополнителен договор или протокол истиот ќе биде склучен заради овозможување на целосно спроведување на овој меморандум.*

***Завршни одредби***

***Член 7***

*Овој Меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување и ќе остане во сила додека не биде раскинат.*

*Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој Меморандум, ќе се решаваат спогодбено помеѓу страните потписнички.*

*Меморандумот за соработка е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои 2 (два) примерока за Судскиот совет и 2 (два) примерока за Нотарската комора.*

| | |
|---|---|
| **Судски совет на** | **Нотарска комора** |
| **на Република Северна Македонија** | **на Република Северна Македонија** |
| Претседател, | Претседател, |
| Г-ѓа Весна Дамева | г-дин, Методија Ристоски |